**ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“ – Скопје, Центар**

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА НАЧИНОТ НА ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧЕНИЧКИТЕ ЕКСКУРЗИИ И ДРУГИТЕ СЛОБОДНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОПШТИНСКОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ЈОХАН ХАЈНРИХ ПЕСТАЛОЦИ“ – СКОПЈЕ, ЦЕНТАР ВО УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА



**Јуни, 2025 година**

## ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“ – Скопје, Центар

## ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЕДНОДНЕВЕН НАСТАВНО-НАУЧЕН И РЕКРЕАТИВЕН ИЗЛЕТ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД I – IX ОДДЕЛЕНИЕ

### Есенски еднодневен излет

**Воспитно-образовни цели:**
- совладување и проширување на знаењата, примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односи во природната и општествената средина,
- да се развие позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности;
- да се запознаат со културно-историските знаменитости;
- да се јакне меѓусебното другарување и зацврстување на односот ученик - наставник.

**Задачи:**
- изучување и истражување објекти и појави во природата, како и односите во општествениот живот;
- развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краишта;
- градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот;
- развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности;
- поттикнување и манифестирање позитивни емоции;
- социјализација, колективна заштита и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе;
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

**Содржини на активности:**
- Учениците од I – III одделение имаат организирана прошетка во непосредната околина, Запознавање со убавините на крајот и цртање по доживување.
- Учениците од IV — VI одделение преку легенди, митови и раскажувања учат за историското минато на крајот. Друштвени и спортски игри.
- Учениците од VII — IX одделение преку легенди, митови и раскажувања учат за историското минато на крајот. Друштвени и спортски игри.

**Раководител на излетот:**

Никола Данев – наставник по физичко и здравствено образование

**Наставници:**

Одделенските раководители на учениците од I – IX одд.

**Ученици:**

Учениците од I – IX одд. во учебната 2025/2026 година

**Времетраење на излетот**

Излетот ќе се одржи во времетраење од еден ден - месец септември-октомври 2025 г.

**Локација за посета и правци на патување**
- Локација за посета: Градски парк, Скопје
- Правци на патување: Скопје

**Техничка организација:**

Техничката организација и начинот на организирање на екскурзијата се спороведувани и надгледувани од 5- член тим, согласно Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта.

**Начин на финансирање:**

Плаќањето е регулирано со Договор кој го склучува директорот на Училиштето со понудувачот согласно член 22 од Правилникот.

## ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“ – Скопје, Центар

**<u>Пролетен еднодневен излет</u>**

**Воспитно-образовни цели:**
- совладување и проширување на знаењата, примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односи во природната и општествената средина,
- да се развие позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности;
- да се запознаат со културно-историските знаменитости;
- да се јакне меѓусебното другарување и зацврстување на односот ученик - наставник.

**Задачи:**
- изучување и истражување објекти и појави во природата, како и односите во општествениот живот;
- развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краишта;
- градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот;
- развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности;
- поттикнување и манифестирање позитивни емоции;
- социјализација, колективна заштита и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе;
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.
-

**Содржини на активности:**
- Учениците од I – III одделение имаат организирана посета во непосредната околина, Запознавање со убавините на крајот и цртање по доживување. Друштвени игри (топка, скокање на јаже).
- Учениците од IV — VI одделение преку легенди, митови и раскажувања учат за историското минато на крајот. Друштвени и спортски игри.
- Учениците од VII – IX одделение фотографираат, раскажуваат за историското минато на крајот. Друштвени и спортски игри.

**Раководител на излетот:**
Драгослав Марина – наставник по физичко и здравствено образование

**Наставници:**
Одделенските раководители на учениците од I – IX одд.

**Ученици:**
Учениците од I – IX одд. во учебната 2025/2026 година

**Времетраење на излетот:**
Излетот ќе се одржи во времетраење од еден ден - месец мај 2026 г.

**Локација за посета и правци на патување**

- Локација за посета за учениците од I – III одд. - Сарај, Скопско
- Правец на патување: Центар – Сарај - Центар
- Локација за посета за учениците од IV – IX одд. - Лешок, Тетовско.
- Правец на патување: Скопје – с.Лешок - Скопје

**Техничка организација:**
Техничката организација и начинот на организирање на екскурзијата се спороведувани и надгледувани од 5- член тим, согласно Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта.

**Начин на финансирање:**
Плаќањето е регулирано со Договор кој го склучува директорот на Училиштето со понудувачот согласно член 22 од Правилникот.

## ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“ – Скопје, Центар

### ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЕДНОДНЕВНА НАСТАВНО-НАУЧНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД III ОДДЕЛЕНИЕ

**Воспитно-образовни цели:**

- совладување и проширување на знаењата, примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односи во природната и општествената средина,
- да се развие позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности;
- да се запознаат со културно-историските знаменитости;
- да се јакне меѓусебното другарување и зацврстување на односот ученик - наставник.

**Задачи:**

- изучување и истражување на објекти и појави во природата, како и односите во општествениот живот;
- развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви;
- градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот;
- развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности;
- поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;
- социјализација, колективна заштита и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе;
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

**Содржина на активноста:**

Учениците набљудуваат, разговараат, фотографираат и бележат интересни податоци и факти.

**Раководител на екскурзијата:**
Маргарет Пејоска – одделенски наставник

**Наставници:**
III - 1: Елизабета Даскалова, Жаклина Јагликовска
III - 2: Марина Зафировска, Симона Леновска
III - 3: Сузана Милошева Левкова, Моника Стојчевски
III - 4: Соња Боглевска, Билјана Ѓоргиева

**Ученици:**
ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“- Скопје, III-1, III-2, III-3 и III – 4 во учебната 2025/2026 година

**Времетраење**:
Екскурзијата ќе се одржи во времетраење од еден ден, во месец мај 2026 година.

**Локации за посета и правци на патување:**

- Локации за посета: Кавадарци – Музеј на град Кавадарци; Градски парк – Спомен костурница; спомен одбележието 12 Ваташки младинци
- Правци на патување: Скопје – Кавадарци – Скопје

**Техничка организација:**
Техничката организација и начинот на организирање на екскурзијата се спроведувани и надгледувани од 5-член тим, согласно Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта.

**Начин на финансирање:**
Плаќањето е регулирано со Договор кој го склучува директорот на Училиштето со понудувачот согласно член 22 од Правилникот.

**ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“ – Скопје, Центар**

**ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДВОДНЕВНА НАСТАВНО-НАУЧНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД VI ОДДЕЛЕНИЕ**

**Воспитно-образовни цели**

ОПШТИ ЦЕЛИ:
- Изучување и истражување објекти и појави во природата, како и односи во општествениот живот во Западна Македонија;
- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краишта во Западна Македонија;
- Градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот;
- Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности;
- Поттикнување и манифестирање позитивни емоции;
- Социјализација, колективна заштита и стекнување искуства за осамостојување и грижа за себе;
- Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење;
- Развивање способност на грижа за самиот себе и во група, чување на природата и духовните богатства,формирање навики за организирано културно користење на слободното време.

ПОСЕБНИ ЦЕЛИ:

**МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК:**
- да развива интерес и знаење за историскиот развој на македонскиот јазик;

**МАТЕМАТИКА:**
- Работа со податоци
- Проценка

**ИСТОРИЈА:**
- Населување на Словените во Македонија;
- Појава и развиток на словенската писменост и култура;
- Дејноста на Св. Климент и Св. Наум, Охридската книжевна школа;
- Создавање и ширење на македонската средновековна држава – Самоиловата држава, Охридскатаархиепископија;
- Положбата на Охридската архиепископија во Османлиската држава; животот, архитектурата и уметноста во Македонија од XV до XVIII век.

**ГЕОГРАФИЈА:**
- да се оспособува да ја опишува релјефната структура на Република Северна Македонија;
- да стекнува знаења за хидрографијата во Република Северна Македонија;
- да стекнува знаења за класификацијата на почвите и нивното стопанско значење во Република Северна Македонија;
- типови почви и нивната територијална разместеност во Република Северна Македонија;
- да стекнува знаења за меѓузависноста на климата, водите, живиот свет и почвите.

**ПРИРОДНИ НАУКИ:**
- да го проширува и продлабочува разбирањето на основните природни законитости за живиот свет во природата околу себе;
- да ги обединува / поврзува знаењата за процесите во природата и живиот свет, преку конкретни примери;
- да ги набројува и опишува основните животни форми и функции на живите организми, вклучувајќи го и човекот;
- да ги воочува условите и последиците за формирањето, загрозувањето и исчезнувањето на животните заедници/видови;
- да ја открива динамичката природа на организмите, процесите и феномените на живиот свет (животните циклуси);
- да се оспособува да ја опишува релјефната структура на Република Северна Македонија;
- да стекнува знаења за хидрографијата во Република Северна Македонија;
- Извор Врело Речен слив

- Речно корито
- Притока
- Устие
- Речен режим, водостој, понорница
- Пасишта
- Четинари, барска вегетација, а лги
- да стекнува знаења за класификацијата на почвите и нивното стопанско значење во Република Северна Македонија - типови почви и нивната територијална разместеност во Република Северна Македонија;
- да стекнува знаења за меѓузависноста на климата, водите, живиот свет и почвите.

**ЕТИКА:**
- да усвојува знаења за основните етички вредности од различни култури, народи, епохи;
- да се поттикнува да ја говори вистината и да се заземa за неа;
- да го развива патриотизмот како љубов кон татковината, почитување на општествените норми и државните прописи;
- да се запознава со правилата на доброто однесување кон другите и во друштво;
- да ја сфаќа смислата и функцијата на бонтонот како научено пристојно и правилно однесување;
- да ги запознава правилата на доброто однесување меѓу другарите.

**ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ**
- да го држи телото правилно во сите положби: седење, стоење, движење;
- да ја одржува и подобрува општата физичка подготовка за позитивен физички, функционален и моторички развој;
- да развива љубов кон движењето во природа;
- да создава и применува здравствено – хигиенски навики во планинарењето и унапредување насопствената хигиена и здравје.

**<u>Задачи</u>**

<u>Задачи на учениците:</u>
- Истражувања поврзани со посетените места во Западна Македонија (факти, митови, легенди, преданија), пред поаѓање;
- Фотографира значајни локалитети, места, објекти и појави;
- Бележење на карактеристиките на посетените места;
- Изготвување извештај од екскурзијата по враќањето во Скопје;
- Социјализација, колективна заштита, осамостојување и грижа за себе и во група;
- Поттикнување и манифестирање позитивни емоции;

<u>Задачи на наставниците:</u>
- Прибирање податоци за здравствената состојба на учениците од родителите пред поаѓање;
- Пред непосредната реализација, а најдоцна седум дена пред изведувањето на екскурзијата, одделенскиот раководител организира состанок со учениците и нивните родители, на кој ги информира и дава детални објаснувања за Програмата што ќе се реализира;
- Насочува води и ги поттикнува учениците за реализирање на наведените воспитно-образовни цели и задачи;
- Изготвува извештај за изведената екскурзија. Непосредно по реализирањето на екскурзијата, а најдоцна во рок од три дена, стручниот тим поднесува извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги.

**<u>Содржини и активности:</u>**

**Прв ден:**

Екскурзијата започнува со поаѓање од пред училиште во раните утрински часови. Патувањето започнува кон Тетово каде што се посетува Шарената џамија од 1495 година, која е единствена џамија со фрески. Учениците се запознаваат со културата и животот на муслиманското население во Македонија, како и со архитектурата во тоа време.

Патувањето продолжува кон Маврово. Учениците се запознаваат со природните фактори за територијалната разместеност на растителниот и животинскиот свет. Се обидуваат да определат каков вид растенија виреат на одредена надморска височина. Вршат ориентација во просторот користејќи ги природните показатели. Се посетува Мавровското Езеро — учениците стекнуваат знаења за меѓузависноста на климата, водите, живиот свет и почвите.

Се посетува Манастирот „Св. Јован Бигорски“ со цел да се запознаат учениците со архитектурата и начинот на живеење во тој период.
Патувањето продолжува кон Струга каде што се прави прошетка низ градот и разгледување на реката Дрим. Се посетува мостот на Струшките вечери на поезијата. Учениците се запознаваат со речниот водостој, како и со езерскиот водостој. Се посетува Природно-научниот музеј со цел учениците да се запознаат со растителниот и животински свет на Охридското Езеро и околината, куќата на Миладиновци, Народен музеј „Д-р Никола Незлобински“.
Патувањето продолжува за Охрид каде што се врши сместување на учениците, вечера, друштвени игри во кои е потребно тимски да се делува и победи.

**Втор ден:**
Денот започнува со појадок и се тргнува на прошетка низ Охрид, каде што се посетува Самоиловата тврдина (создавањето и ширењето на Самоиловата држава) и Античкиот театар (запознавање со античките податоци за Охрид — Лихнидос во тоа време), Плаошник (Св. Климент, Охридската книжевна школа (Климентовиот универзитет).
Кратка прошетка низ градот, посета на чинарот, споменикот на Климент Охридски, каде што учениците се запознаваат со појавата и развитокот на словенската писменост и култура и дејноста на Св. Климент и Св. Наум.
По ручекот се продолжува за Битола, се прави прошетка по Широк сокак со давање акцент на архитектурата. Битола е административен, културен, економски, индустриски, образовен и научен центар за тој дел од Македонија. Градот е познат под името град на конзулите бидејќи тука се наоѓаат дел од конзуларните претставништва во Република Северна Македонија. Битола е трет по големина град во Македонија според бројот нажители, додека по површина е втор. Се посетува и музејот на Кемал Ататурк.
Пред заминување за Скопје се посетува Стоби.
Во Скопје се пристигнува во вечерните часови, пред училишниот двор.

**Локации за посета и правци на патување**
Скопје – Тетово – Маврово – Струга – Охрид – Битола – Скопје

**Раководител на екскурзијата:**
**Билјана Стојаноска – наставник по англиски јазик**

**УЧЕНИЦИ**
ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“, ученици од VI-1,2,3,4 одд. во учебната 2025/2026 година

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ**:
Екскурзијата ќе се одржи во времетраење од два дена во месец мај 2026 година.

**ЛОКАЦИЈА**
Охрид - Западна Македонија

**ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА**
Техничката организација и начинот на организирање на екскурзијата се организирани, спроведувани и надгледувани од 5-член тим, согласно Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта.

**НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ**
Плаќањето е регулирано со Договор кој го склучува директорот на училиштето со понудувачот согласно член 22 од Правилникот.

## ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“ – Скопје, Центар

### ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВА ВО ПРИРОДА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД V ОДДЕЛЕНИЕ

**Воспитно-образовни цели:**

*Ученикот/ученичката:*

- да се оспособува за примена на познатите техники за учење во различни ситуации (набљудување, собирање податоци, експериментирање, споредување, истражување, анализирање), да ги согледува и сфаќа нивните меѓусебни врски и односи во природата и општествената средина;
- да се оспособува за индивидуална, тандемска и групна работа со соучениците и да развива позитивни навики како што се самостојност, толеранција и истрајност;
- да се запознае со природно-географските, биолошко-еколошките, етнолошките, антрополошките и културните обележја на Охридско-струшкиот регион;
- да се запознава со основните историски факти од развојот на македонскиот литературен јазик и со основните елементи и карактеристики на народното творештво и народното музичко творештво;
- да развива способности за набљудување, вербално објаснување и естетско проценување на ликовни дела;
- да ги искажува самостојно и слободно своите сознанија, доживувања и впечатоци, мисли и фантазија со помош на ликовниот јазик;
- да ги запознава основните карактеристики на релјефот, климата и другите обележја на Република Северна Македонија и нивното влијание на стопанството, културата и другите области на општествениот живот;
- да го сознава и споредува сегашниот општествен живот на луѓето во Република Северна Македонија со животот и работата на луѓето во минатото;
- да развива чувство на почит кон историското наследство и традициите во Република Северна Македонија;
- да се оспособува за активно учество во истражувања на минатото со помош на користење различни извори (интернет, музејски предмети, стари слики, книжевни творби и сл.);
- да ги сознава и почитува културните и верските различности на луѓето во пошироката околина;
- да се запознава и да ги разбира економските основи на животот на луѓето;
- да решава голем математички проблем разложувајќи го на помали проблеми или да го претставува користејќи дијаграми;
- да испитува одредени тврдења преку наоѓање примери со кои го потврдува или негира тврдењето;
- да се оспособува усно и писмено да го образложува начинот на решавање и размислување: поставува хипотези (претпоставки) и ги проверува;
- да стекнува навики за организирано, ефективно користење на слободното време;
- да ги знае и практикува правилата за игрите и рамноправно да учествува и соработува во тим-екипа;
- да ги учи и правилно да ги применува поимите во физичкото и здравственото образование;
- да ги увидува условите за својата активност во групите со врсниците, во објектот во кој престојуваат;
- да стекнува здравствено-хигиенски навики и унапредување на здравјето;
- да умее одмерено да постапува за позитивно превентивно спречување и разрешување на евентуални конфликтни ситуации.

**КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ:**

**МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК:** Подрачје: Јазик и комуникација и Литература и творење

*Ученикот/ученичката ќе биде оспособен/оспособена да:*

- Посочува често употребувани дијалектни зборови и изрази и да ги споредува со нивната стандарднаформа и со формата во други дијалекти.
- Чита наглас изразно (усогласено со видот и природата на текстот – песна, краток расказ, новинарски текст и друго.
- Опишува (усно и писмено) личности, пејзажи и појави по набљудување и по доживување.
- Пишува текстови со едноставна композициска структура по зададена и слободна тема.
- **Активности:** Литературно читање поезија и уметнички текст, разговор за прочитаниот текст со аргументирано говорење за ликовите и настаните;
- Пишување литературни творби; писмено известување

**ИСТОРИЈА И ОПШТЕСТВО:** Тема: Праисторија и историја

*Ученикот/ученичката ќе биде оспособен/оспособена да:*

- Ги именува видовите историски извори, материјални и пишани;
- Временски и просторно ги лоцира познатите археолошки наоѓалишта на територијата на нашата држава;
- Ги лоцира остатоците од поблиското и подалечното минато.

**Теренска настава**: посета на културни, верски објекти, археолошко наоѓалиште и изработка на писмен состав од посетата.

**Проектна настава** - Мојата средба со еден странец/турист во Република Северна Македонија

**МАТЕМАТИКА:** Тема: Работа со податоци

*Ученикот/ученичката ќе биде оспособен/оспособена да:*

- Објаснува што е мод и да определува мод за дадени или собрани податоци.
- Наведува примери за настани (исходи) кои секогаш/сигурно се случуваат, можеби/можно е да се случат и никогаш/невозможно е да се случат, при реализација на даден експеримент.
- Проценува можност за случување на настани и проценката ја проверува со експеримент.

**Активности:** Го утврдува модот и одредува веројатност на настани преку активности и решавање задачи.

**МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ:** Тема: Слушаме музика и Пееме, свириме и играме

*Ученикот/ученичката ќе биде оспособен/оспособена да:*

- Го идентификува видот на музиката која ја слуша врз основа на композициите што претходно ги слушнал/- а.
- Препознава и именува најмалку две композиции од различни жанрови;
- Создава и изведува едноставни кореографии и движења за музички игри и драматизации, соодветно на карактерот на музиката.

**Проектни активности:**

- Собирање разни видови народни песни од Охридско-струшкиот регион.
- Пеење народни песни од Охридско-струшкиот крај (концерт на ниво на одделение).Пребарување на интернет податоци на тема: „Фолклор - народно творештво“.

**ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ:** Тема: Сликање и Пластично обликување и градење

*Ученикот/ученичката ќе биде оспособен/оспособена да:*

- Слика со комбинација на мали и големи форми.
- Разликува разни мотиви (мртва природа, пејсаж, портрет, композиција) и ги именува.
- Препознава и изработува тридимензионални форми (статуа, релјеф, биста, архитектонска градба).

**Проект**: Изработка на релјефни скулптури со природни материјали

**Организирање изложба**: Избор на најинтересни релјефни скулптури.

**ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ:** Тема: Гимнастика, ритмика и танци и Спортски игри

*Ученикот/ученичката ќе биде оспособен/оспособена да:*

- Се поставува организациски, да комбинира и успешно да изведува комплекс вежби за обликување на телото и движењата;
- Изведува детски танци по избор, со музика;
- Изведува традиционално народно оро по избор, со музика;
- Применува усвоени елементи од техника во игра на мал простор и со помал број учесници.

**Активности:** Утринска гимнастика,

Игри: елементарни, штафетни, со користење спортски реквизити.

**Натпревар** во кошарка, мал фудбал и одбојка.

**Задачи**

**Задачи на учениците:**

*Ученикот/ученичката:*

- Активно учествува во реализација на наставните часови во објектот, при теренска настава, набљудување, посети, на музичко-сценски настапи и спортски натпревари како дел од забавно-рекреативниот дел од Програмата;
- Фотографира значајни локалитети, места, објекти и појави;
- Истражува, бележи, споредува, анализира, изведува заклучок, учествува во дискусија, дебатира;
- Изготвува извештај по враќањето во Скопје;

## ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“ – Скопје, Центар

**Задачи на наставникот:**

- Прибира податоци за здравствената состојба на учениците од родителите пред поаѓањето;
- Пред непосредната реализација, а најдоцна седум дена пред изведувањето на екскурзијата, одделенскиот раководител организира состанок со учениците и нивните родители, на кој ги информира и дава детални објаснувања за Програмата што ќе се реализира;
- Насочува, води и поттикнува активности на учениците при реализирање на наведените цели и задачи;
- Изготвува извештај за реализираната Настава во природа. (најдоцна во рок од три дена стручниот тим поднесува извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги).

**Содржина на активности:**
Учениците ќе набљудуваат, разговараат, фотографираат, бележат податоци, пишуваат состав, цртаат, играат.

Распоред на часови по денови:

| Ден | Час | Активности |
|---|---|---|
| Прв ден | 8:00<br><br><br><br><br>18:00 | -**Поаѓање:** Скопје - Шарена џамија, Тетово - Бигорски манастир „Св. Јован Крстител“ - Вевчани - Вевчански Извори — Охрид<br>-Посета на Шарена џамија, Тетово<br>-Посета на Бигорски манастир „Св. Јован Крстител“<br>-Посета на Вевчански Извори, Вевчани<br>-**Охрид** - сместување,<br>-вечера |
| Втор ден | 8:00<br>8:30<br><br>9:00<br><br><br>14:00<br>17:00<br><br><br><br><br>19:00<br><br>20:00 | - Будење и појадок<br>- **Прошетка во Охрид** и посета на Антички театар,<br>- Плаошник<br>- Самоилова тврдина<br>- Црквата „Св. Јован Богослов“ - Канео<br>- Црквата „Св. Софија“<br>- ручек<br>Настава:<br>**Македонски јазик:** „Легенда за Охрид и Охридското Езеро“ - обработка на легенда<br>**Математика:** Објаснува што е мод и определува мод за дадени или собрани податоци.<br>**Музичко образование:** Песна „Билјана платно белеше“ - обработка на песна по слух<br>**Ликовно образование:** Сликање пејзаж<br>**Физичко и здравствено образование:** Народно оро - „Пајдушкото“ - увежбување<br>- Вечера<br>- Музичко-ритмички настап на учениците - Избираме најдобар пејач/пејачка и ритмичка група |
| Трет ден | 8:00<br>8:30<br>9:00<br>10:00<br><br>14:30<br>15:00<br><br>17:00<br><br><br><br><br>19:00 | - Будење<br>- Утринска гимнастика<br>- Појадок<br>- Национален парк Галичица – едукативна работилница во Инфо-центарот на Националниот парк во Охрид<br>- Ручек<br>- Попладневен одмор<br><br>- Настава:<br>**Македонски јазик:** Изразување и творење, раскажување по доживување<br>**Математика:** Веројатност — проценка за одреден настан, резултат, исход<br>**Историја и општество:** Историја и праисторија<br>**Физичко и здравствено образование:** Спортски игри<br>- Вечера<br>- Квиз натпревар |

| | | |
|---|---|---|
| Четврти ден | 8:00<br>8:30<br>9:00<br>10:00<br><br><br>13:00<br>15:00<br><br>17:00<br><br><br><br><br><br><br>19:00<br>20:30 | - Будење<br>- Утринска гимнастика<br>- Појадок<br>**Посета на Струга**<br>Природно-научниот музеј, Куќата на Миладиновци, Мостот на поезијата, истекот на реката Црн Дрим од Охридското Езеро<br>- Ручек<br>- Попладневен одмор<br><br>Настава:<br>**Македонски јазик:** Читање и рецитирање на песните „Т'га за југ“ и „Бисера“<br>**Историја и општество:** Културно наследство во РМ<br>**Математика:** Помалку или повеќе веројатни настани<br>Одредување веројатност на настани<br>**Музичко образование:** Песна „На Струга дуќан да имам“ - обработка на песна по слух<br><br>- Вечера<br>- Музичка вечер |
| Петти ден | 8:00<br>9:00<br>10:00<br><br><br><br><br>14:00<br>15:30 | - Будење<br>- Појадок<br>Настава:<br>**Македонски јазик:** Извештај за реализирана активност<br>**Физичко и здравствено образование:** Играње оро<br>**Музичко образование:** Слушање музика и пеење народни песни од Охридско - струшкиот крај<br>- ручек<br>- тргнување кон Скопје; пристигнување во попладневните часови. |

**Раководител на екскурзијата:**
Јасмина Михаиловска – одделенски наставник

**Наставници:**
V - 1: Ана Трајковска
V - 2: Јасмина Михаиловска
V - 3: Весна Џаковиќ
V – 4: Славица Гаврилова

**Ученици:**
Учениците од петто одделение во учебната 2025/2026 година

**Времетраење**:
Екскурзијата ќе се одржи во времетраење од пет дена во месец мај 2026 година.

**Локации за посета и правци на патување:** Скопје - Охрид – Скопје

**Техничка организација:**
Техничката организација и начинот на организирање на екскурзијата се спроведувани и надгледувани од 5- член тим, согласно Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта.

**Начин на финансирање:**
Плаќањето е регулирано со Договор кој го склучува директорот на Училиштето со понудувачот согласночлен 22 од Правилникот.

**ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“ – Скопје, Центар**

**ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ТРИДНЕВНА НАСТАВНО-НАУЧНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД IX ОДДЕЛЕНИЕ ВО УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА**

**ОПШТИ ЦЕЛИ:**

- Изучување и истражување објекти и појави во природата, како и во општествениот живот на Западна Македонија.
- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики.
- Сознанија за пределите и објектите за рекреација и одмор, белезите на стопанството,индустриските и земјоделските капацитети, природни богатства и реткости, појави во природата воЗападна Македонија.
- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделени краишта и во Западна Македонија.
- Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.
- Градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот.
- Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности.
- Поттикнување и манифестирање позитивни емоции.
- Социјализација, колективна заштита и стекнување искуства за осамостојување и грижа за себе.
- Развивање смисла за убавото, чување на природата и духовните богатства, формирање навики за организирано, ефективно користење на слободното време.
- Јакнење на меѓусебното другарување и зацврстување на дружељубивиот однос со наставниците.

**Содржини и активности:**

**Прв ден:**

Екскурзијата започнува со поаѓање од пред училиште во раните утрински часови. Патувањето започнува кон Тетово каде што се посетува Шарената џамија од 1495 година, која е единствена џамија со фрески. Учениците се запознаваат со културата и животот на муслиманското население во Македонија, како и со архитектурата во тоа време.
Патувањето продолжува кон Маврово. Учениците се запознаваат со природните фактори за територијалната разместеност на растителниот и животинскиот свет; се обидуваат да определат каков вид растенија виреат на одредена надморска височина. Вршат ориентација во просторот користејќи ги природните показатели.
Се посетува Манастирот „Св. Јован Бигорски“ со цел да се запознаат учениците со архитектурата и начинот на живеење во тој период.
Патувањето продолжува кон Струга каде што се врши сместување на учениците, вечера, друштвени игри во кои е потребно тимски да се делува и победи.

**Втор ден:**

Денот започнува со појадок и се тргнува кон Вевчанските Извори. Учениците се запознаваат со природните богатства на тој крај, животот на луѓето, она со кое се занимаваат и она по што е познат Вевчанскиот крај. Се посетуваат Вевчанските Извори, се набљудуваат изворите, делот од речното корито кој понира во земјата, потоа течението на водата, како и посета на воденица.
Патувањето продолжува за Струга каде што се прави прошетка низ градот и разгледување на реката Дрим. Сепосетува мостот на Струшките вечери на поезијата. Учениците се запознаваат со речниот водостој, како и соезерскиот водостој.
Се посетува Природно-научниот музеј со цел учениците да се запознаат со растителниот и животинскиот свет во Охридското Езеро и околината, куќата на Миладиновци и Народниот музеј „Д-р Никола Незлобински“. Враќање во хотелот за вечера.

**Трет ден:**

По појадокот, се оди на прошетка низ Охрид, каде што се посетува Самоиловата тврдина (создавањето и ширењето на Самоиловата држава) и Античкиот театар (запознавање со античките податоци за Охрид — Лихнидос во тоа време), Плаошник (Св. Климент, Охридската книжевна школа - Климентовиот универзитет). Кратка прошетка низ градот, посета на чинарот, споменикот на Климент Охридски каде што учениците се запознаваат со појавата и развитокот на словенската писменост и култура и дејноста на Св. Климент и Св. Наум.
По ручекот се продолжува кон Скопје.
Се пристигнува во Скопје во попладневните часови, пред училишниот двор.

**ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“ – Скопје, Центар**

**Локации за посета и правци на патување**

Скопје – Тетово – Маврово – Охрид - Вевчани – Струга – Охрид – Скопје

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ**:

Екскурзијата ќе се одржи во времетраење од три дена, мај 2026

**ЛОКАЦИЈА**
Западна Македонија, Охрид

**Раководител на екскурзијата:**
Даниела Нацев - наставник по математика

**РАКОВОДИТЕЛИ НА ПАРАЛЕЛКИ:**
9-1 – **Даниела Нацев** – наставник по математика
9-2 – **Благородна Наумоска** – наставник по германски јазик
9-3 – **Ана Георгиева** – наставник по македонски јазик

**УЧЕНИЦИ**
ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“- Скопје, 9-1, 9-2 и 9-3 во учебната 2025/2026 година

**ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА**
Техничката организација и начинот на организирање на екскурзијата се организирани, спроведувани и надгледувани од 5-член тим, согласно Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта.

**НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ**
Плаќањето е регулирано со Договор кој го склучува директорот на училиштето со понудувачот согласно член 22 од Правилникот.

# КОДЕКС

## за однесување на учениците за време на училишните екскурзии, излети и други вонучилишни активности

**Учениците се должни:**

- Задолжително да ги почитуваат законите на Република Северна Македонија.
- Достојно да го претставуваат Училиштето, Општината и Градот.
- Задолжително да присуствуваат и активно да чествуваат во сите организирани активности за време на училишната екскурзија, излет или друга воннаставна активност.
- Се забранува напуштање и оддалечување од групата за време на договорените активности без дозвола од одговорниот наставник.
- Да се однесуваат пристојно и со почит кон соучениците, наставниците и друг персонал за време на екскурзијата.
- Да се облекуваат пристојно, во соодветна облека и да имаат прикладен изглед на фризура, накит и сл. Се забрануваат: кратки маици и здолништа, длабоко деколте, искинати фармерки, облека со несоодветна апликација и сл.
- Да се грижат за личната хигиена и хигиената каде што престојуваат и, отпадоците да ги одложуваат во корпи за отпадоци.

- Навремено да ги информираат одделенските раководители за проблемите со кои се соочуваат и да побараат помош кога им е потребна.
- Меѓусебните недоразбирања да ги решаваат со разговор и толеранција;
- Да не потценуваат ниту еден соученик или да вршат дискриминација по пол, возраст, физички изглед, националност, религија или сл.
- Строго се забранува нарушување на јавниот ред и мир, насилно однесување и нанесување материјална штета.
- Строго се забранува вербално или физичко насилство. Игнорирање, упатување навредливи зборови, омаловажување, исмејување, нанесување психичка болка е исто така насилство.
- Строго се забранува консумирање алкохол, цигари и други недозволени супстанции.

Врз основа на Кодексот, родителот/старателот на ученикот потпишува изјава дека при изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности ќе ги почитуваат одредбите од Кодексот.

Потпишаната изјава се предава на одделенскиот раководител најдоцна три дена пред изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности.

На ученикот кој за време на училишната екскурзија, излетот и другите вонучилишни активности не го почитува Кодексот, наставничкиот совет му забранува учество на наредните училишни екскурзии, излети и други вонучилишни активности и предлага да му се изрече педагошка мерка.

**Комисија за изработка на Годишната програма за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта**

Катерина Атанасова – директор
Ана Сенчук - педагог
Маргарет Пејоска – одделенски наставник;
Билјана Стојаноска – наставник по англиски јазик; Цветанка Илиоска – наставник по физика;
Даниела Нацев – наставник по математика;
Драгослав Марина – наставник по физичко и здравствено образование